Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-439/2
Датум: 01.07.2024

По претставката бр. 08 - 439/1 од 05.06.2024 година поднесена од [redacted] со живеалиште на [redacted] против [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### за отфрлање на претставка поради ненадлежност

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 439/1 од 05.06.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted] **заради ненадлежност**.

### Образложение

На 05.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 439/1, поднесена од [redacted] проти [redacted]

Во претставката подносителката - [redacted] која живее во [redacted] наведува дека нејзиниот сопруг - [redacted] поднел тужбено барање за развод на брак, без нејзино знаење. Подносителката наведува дека од кога дознала за постапката за развод, била исклучена од истата од страна на нејзиниот сопруг и неговата адвокатка, кои со неа не споделувале податоци во однос на постапката, ниту во однос на датумите на одржување на судските рочишта. Наведува дека тенденциозно поштата ѝ била праќана на адреса на која не било возможно да ја добие. Воедно, во претставката се истакнува дека во тужбеното барање, намерно не е наведена нивната малолетна керќа - [redacted] како и дека во тужбеното барање е наведено дека брачната врска е целосно прекината последните две години, како и дека не поседувале заеднички имот, иако брачните другари живееле заедно и имале заедничка трансакциска сметка, на која биле ставени нивните финансиски средства. Подносителката наведува дека нејзиниот сопруг ги префрлил средствата на лична трансакциска сметка во АД Комерцијална Банка. Понатаму, истакнува дека откако ангажирала адвокат, успела да се вклучи во постапката и да присуствува на судското рочиште одржано на 01.02.2024 година. Во судската постапка надлежниот суд донел пресуда, со која било усвоено тужбеното барање на [redacted] и нивниот брак бил разведен. Врз основа на наведеното подносителката смета дека била дискриминирана од страна на нејзиниот сопруг преку неовозможување да се вклучи во судската постапка.

Во прилог на претсткавката, како докази се приложени записникот од судското рочиште одржано на датум 01.02.2024 година, комуникација преку електронска пошта помеѓу подносителката и нејзината адвокатка како и комуникација преку електронска пошта помеѓу подносителката и адвокатката на нејзиниот сопруг.

По разгледувањето на претставката, констатираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Првично, **Комисијата не е надлежна да навлегува и постапува по брачни и семејни односи помеѓу брачните другари, ниту по имотно – правни работи помеѓу брачни другари.** Воедно, забранет е секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршење на судиската функција. Оттука, **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема мандат да навлегува во постапувањето на судовите, ниту да ја оценува работата на судиите во поединечни предмети.** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност да упатува на одговорност на судии, ексклузивна надлежност во постапка за утврдување на одговорност на судија има Судскиот совет на Република Северна Македонија, која согласно член 62 од Законот за судскиот совет се поведува со **барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија**.

Дополнително, **Комисијата нема мандат да навлегува во постапувањето на адвокатите ниту да ја оценува нивната работа.** Доколку подносителката смета дека адвокатката ополномошена од нејзиниот сопруг дејствувала незаконски или презела дејствија надвор од нејзините овластување или дејствувала на друг начин спортивно на Кодексот на адвокатската етика, може да се обрати до Адвокатската комора на Република Северна Македонија, како надлежна институција согласно член 34 став 2 од Законот за авокатурата.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја отфрли претставката со бр. 08 – 439/1 поради ненадлежност.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:

- [redacted]